# TECHNIQUES OF CONDUCTING INTERROGATION DURING POLICE INVESTIGATION OF CRIMES

**Kire Babanoski**
Faculty of security studies, MIT University – Skopje, Macedonia, kire.babanoski@mit.edu.mk
**Ice Ilijevski**
Faculty of law – Kičevo, University "St. Clement of Ohrid" – Bitola, Macedonia
iilijevski@fb.uklo.edu.mk

**Abstract:** Modern interrogation is a study in human nature with great level of psychological manipulation which is used by police officer. The main characteristic of a police interrogation is that the suspect is under strong psychological pressure from the interrogator in order to speak the truth and to give the confession. The main purpose of a police Interrogation is to obtain a confession and to come to the objective truth, or other critical information about the crime, from an interviewed suspect, who is subject of interrogation. Interrogation (also called questioning or interpellation) is interviewing as commonly employed by officers of the police or other law enforcement agencies with the goal of extracting a confession or incriminating statements. Subjects of interrogation are often suspects involved in crimes. Information from victims and witnesses is usually obtained through interviews. Interrogation may involve a diverse array of techniques, ranging from developing a rapport with the subject to outright torture.The main object of this paper is police interrogation, which is theoretically and descriptively analyzed through its various methods and techniques that are part of the process of extracting the truth and getting a confession from the suspects. For that aim, particular attention is paid to criminal operational aspects of contemporary Reid technique, and also presented examples of its application in the police interrogation. The Reid technique is a method of questioning subjects and assessing their credibility. The technique consists of a non-accusatory interview combining both investigative and behavior-provoking questions. If the investigative information indicates that the subject committed the crime in question, the Reid Nine Steps of Interrogation are utilized to persuade the subject to tell the truth about what they did. The Reid technique is a trademarked interrogation technique widely used by law enforcement agencies in North America. The technique (which requires interrogators to watch the body language of suspects to detect deceit) has been criticized for being difficult to apply across cultures and eliciting false confessions from innocent people.
The purpose of this paper is through scientific explanation to raise the importance and quality of police interrogation as one of the methods for getting to the truth, especially in criminal cases where there is a lack of other evidence.
**Keywords:** police interrogation, suspect, truth, confession, Reid

# ТЕХНИКИ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИСПРАШУВАЊЕ ПРИ ПОЛИЦИСКО ИСТРАЖУВАЊЕ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА

**Кире Бабаноски**
Факултет за безбедносни науки, МИТ Универзитет – Скопје, Република Македонија,
kire.babanoski@mit.edu.mk
**Ице Илијевски**
Правен факултет – Кичево, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола,
Република Македонија, iilijevski@fb.uklo.edu.mk

**Апстракт:** Модерното сослушување е студија на човечката природа со големо ниво на психолошка манипулација што ја користи полицискиот службеник. Главната карактеристика на полициското испрашување е дека осомничениот е под силен психолошки притисок од испрашувачот, со цел да се зборува вистината и да се признае делото. Главната цел на полициското испрашување е да се добие признание и да се дојде до објективната вистина или други критични информации за кривичното дело од испитуваниот осомничен, кој е предмет на испрашување. Испитувањето (исто така наречено испрашување или сослушување) претставува интервјуирање како најчесто користено од страна на полициските службеници (инспектори) или други органи за спроведување на законот со цел да се извлечат признанија или инкриминирачки изјави. Субјекти на испрашување често се осомничени лица за кривични дела.

Информации од жртви и сведоци обично се добиваат преку интервјуа. Испрашувањето може да вклучи разновидна низа техники, почнувајќи од развивање на блискост со субјектот до целосно мачење.
Главен предмет на овој труд е полициското испрашување, кое теоретски и описно се анализира преку неговите различни методи и техники кои се дел од процесот на извлекување на вистината и добивање признание од осомничените. За таа цел, посебно внимание се посветува на криминалистичко-оперативните аспекти на современата техника Reid, а исто така се презентирани примери за нејзина примена во полициското испрашување. Техниката Reid е метод на испитување на лица и оценување на нивниот кредибилитет. Техниката се состои од не-акузаторско интервју кое ги комбинира и истражувачките прашања и прашањата кои провоцираат одредено однесување. Ако истражните информации покажуваат дека субјектот го сторил кривичното дело за кое станува збор, се користат деветте чекори на испитување на оваа техника за да се убеди субјектот да ја каже вистината за тоа што сторил. Техниката на Reid е техника за испрашување која е заштитена и која нашироко се користи од страна на службите за спроведување на законот во Северна Америка. Техниката (која бара испрашувачите да го следат говорот на телото на осомничените за откривање на лажење) е критикувана поради тоа што е тешко да се примени во различни култури и поради тоа што може да се извлечат лажни признанија од невини луѓе.
Целта на овој труд е преку научно објаснување да се подигне важноста и квалитетот на полициското испрашување како еден од методите за да се дојде до вистината, особено во кривичните случаи каде што има недостаток на други докази.
**Клучни зборови:** полициско испрашување, осомничен, вистина, признание, Reid

## 1. ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ

Во теоријата и развитокот на безбедносните и полициските науки, како и во кривично-процесните закони на различни земји се среќаваат многубројни називи за оваа полициска активност и тоа: полициско испитување, полициско испрашување, интервју, службен разговор, информативен разгово, сослушување, собирање известувања, информации и сознанија и сл. Како и да е, значајно е да се напомене дека оваа активност може да биде од различни типови: директно, вкрстено, дополнително, претходно и сл. Меѓутоа, набљудувано од криминалистички аспект, овие активности, дејствија и постапки, меѓусебно не се разликуваат, бидејќи за нивно водење важат исти или слични криминалистичко-психолошки и бихејвиористички правила, принципи и препораки, како облици на непосредно прибирање оперативни доказни информации кои се значајни за докажување на одреден оперативен и кривичен настан, кој треба да се истражи, разјасни, расветли и докажи. Различните називи за оваа активност доаѓаат поради фазата од текот на кривичната постапка во која се презема. За потребите на објаснувањето на предметот на дескрипција во овој труд ќе биде прикажана оваа активност генерално, а за таа цел ќе биде користен називот полициско испитување. Главната задача на трудот е да се прикажат принципите, правилата, методите, современите тактики и техники на изведување на полициското испитување, чија главна цел е извлекување на вистината од испитуваните лица и доаѓање до нивно признание (доколку се работи за потенцијални сторители). Инаку, полициското испитување може да биде спроведено над различни категории на лица: осомничени, обвинети, сведоци, вештаци и други лица. Во трудот, главно ќе се задржиме на полициското испитување над осомничените лица, лицата за кои постојат индиции и основи на сомнение дека извршиле кривично дело и за кои е поднесена кривична пријава до надлежното основно јавно обвинителство.

## 2. ПОЛИЦИСКО ИСПИТУВАЊЕ

Преку методот на полициско испитување непосредно, главно, усно се прибираат, класифицираат, обработуваат и проучуваат податоци, информации, сознанија и факти за кривично-правни и криминалистички истражувања на конкретни општествени појави – криминални настани. Се работи за водење разговор (интервју) со лице, кое директно или индиректно е поврзано со криминалниот настан, кој во директниот контакт со испитувачот изнесува информации и сознанија за настани, факти, околности, кои тој лично ги доживеал. Во тој случај, станува збор за непосреден изворен материјал собран со помош на овој метод. Поретко, испитувачот прибира и посреден материјал добиен од втора рака, но тој е од секундарно значење и е подложен на дополнителни проверки и со други видови на истражувачки постапки.[557]

[557] Котески, М. (2009) Криминалистичка тактика 2. Скопје: Факултет за безбедност

Во однос на разликата[558] помеѓу полициското испитување (кое се поистоветува и со кривично-правното и криминалистичко испитување) и интервјуто, може да се укаже дека постои значајна диференцијација меѓу нив и токму затоа е важно да се разберат разликите со цел да се постигнат ефикасни резултати при испрашувањето на осомничениот.

Во едно интервју со осомничен, целта е да се стекнат знаења за кривичното дело и осомничениот, како и сите други информации кои можат да бидат релевантни.

При испитувањето, осомничениот, всушност, се доведува во ситуација да се чувствува крајно непријатно и под силен психолошки притисок од испитувачот со цел да ја изнесе вистината. Информациите собрани од претходни интервјуа често се користат како алатка за да помогнат при извлекување на признанието, што е примарна цел на ова испрашување.

Научно-теоретските испитувања, пак, се вршат по сопствена иницијатива на истражувачот, кој притоа одбира и применува најцелисходна истражувачко – техничка постапка. Тоа може да биде: спонтан дијалог без претходни подготовки за разговорот; усно испитување - интервју кое претходно истражувачот само мисловно го скицирал без да ги нотира прашањата во бележникот и го одредил логичниот тек на разговорот; и усно испитување во кое испитувачот се служи со претходно писмено формулирани прашања, на кои испитаникот постапно одговара (облик на испитување во кој комуникацијата се остварува на тој начин што испитаникот усно или писмено одговара на прашања, кои претходно му ги испратил сослушувачот).

Полициското испитување[559] за безбедносно-криминалистички потреби може да се оствари еднократно (со испитуваното лице се извршува само еден разговор) или континуирано (комуникацијата помеѓу испитувачот и испитуваниот се врши повеќе пати едно по друго во различен временски интервал). Со континуираното испитување можат во подолг временски период да се прибираат податоци за појавите, кои се предмет на истражување и анализа, да се следи хронологија на настанувањето, да се согледува квалитетот на изворот и сл.

Успешната екстракција на вистината од осомничениот ја обезбедува основната цел на процесот на испитување[560]. Тоа е предизвик, битка на психолошка контрола помеѓу испитувачот и осомничениот. Ако осомничениот го признае извршувањето или учеството во кривичното дело за време на распитот, тогаш тоа било успешно. Разбирањето на процесот на кривично испитување и следењето на соодветен метод е од витално значење за испитувачите во процесот на доаѓање до вистината и извлекување на признание.

Темелната подготовка е од особено суштинско значење пред испитувањето и ги зголемува шансите на испитувачот за преземање на психолошката моќ над осомничениот и добивање на вистината и признание од него[561]. Пред процесот на испрашување, испитувачот мора биде целосно информиран, да ги собере сите релеванти детални информации за осомничениот и жртвата, вклучувајќи ја нивната позадина и лични податоци, криминална историја и социјална и финансиска ситуација. Сеопфатното знаење на фактите за кривичниот настан, вклучувајќи го времето и местото, собраните информации и добиените докази, е императив во процесот на подготовка за испитување.

Генерализирајќи го полициското испитување (службениот разговор) може да се каже дека тоа претставува своевидна општествена комуникација, што за потребите на криминалистичката и кривично-процесната наука и практика се идентификува и диференцира како основен појмовен облик на собирање информации, известувања и искази од граѓани за настани од безбедносно-криминалистички карактер. Притоа, службениот разговор најчесто се одвива во три фази, меѓусебно надоврзани една на друга. Тие фази се: воведен дел; слободно излагање; и поставување на прашања.

Воведниот дел, претставува фазата каде што се воспоставува првиот психолошки контакт на криминалистот - испитувач со осомничениот. За време на воведниот дел од разговорот, најчесто се започнува разговор за секојдневни работи, за положбата во општеството, работата, за платите, семејството, за времето, итн. Со постигнувањето на опуштеност кај осомничениот/обвинетиот, криминалистот го

[558] Ladkin, A. (2013) Criminal Law: What is Criminal Interrogation, http://suite101.com/article/criminal-law-what-is-criminal-interrogation-a378735

[559] Марковиќ, В. (1988) Испитивање као метод у прикупљању података о безбездносним појава, 13, Мај, 4/1988, стр. 17

[560] Ladkin, A. (2013) Criminal Law: What is Criminal Interrogation, http://suite101.com/article/criminal-law-what-is-criminal-interrogation-a378735

[561] Kurz, D. Dominance and Submission: How the Police Use Psychological Manipulation to Interrogate Citizens, http://web.mit.edu/dryfoo/www/Info/confess.html

насочува разговорот кон конкретниот случај и разговорот преминува во втората фаза на слободно излагање. Се поставуваат само општи прашања поврзани со случајот, така да, осомничениот почне со негово слободно излагање. Од страна на криминалистот, во оваа фаза се водат забелешки со цел да може да ги поставува планираните прашања во третата фаза, но и да знае кон што да се насочи. Во третата фаза, криминалистот започнува да поставува конкретни и јасни прашања во врска со кривичниот настан, со цел да ја открие објективната вистина.

Точниот пристап при испрашувањето во голема мера ја зголемува неговата стапка на успех. Тоа мора да се направи веднаш штом осомничениот е во притвор и кога сите релевантни информации се собрани. Не смее да има определен рок на завршување на распитот, затоа што брзањето може да го попречи успешното извлекување на вистината.

Средината, во која испрашувањето се реализира е особено важна, затоа што контролата на физичкиот амбиент од страна на испитувачот му дава предност во однос на осомничениот. Просторијата мора да биде приватна и без можност за одвлекување на вниманието, како што се прозорците, часовници и телефони, така што набљудувањето на реакциите на осомничениот може да се испитува одблиску.

Методот на полициско испитување обично зависи од класификацијата на осомничениот/обвинетиот; дали тој е емотивна или не-емотивна личност.

Со емотивен осомничен, испитувачите често ги користат своите емоции, како што се лутина, љубов или фрустрација, како алатка за да се добие вистината. Ова може да се постигне со тоа што се пријателски расположени кон него во текот на распитот, покажуваат симпатии кон него и му објаснуваат дека и некој друг кој би се нашол во иста ситуација како него би го сторил истото. Проучување на неговиот јазик на телото (body language) за откривање на измама или знаци на напнатост или вознемиреност, е уште една алатка која е имплементирана во овој метод.

Методите на испитување за не-емотивен осомничен се сосема различни и варираат во голема мера, затоа што тој, најверојатно, е професионален криминалец кој има стекнато искуство во извршување на криминал. Бидејќи овој тип на криминалци не се емотивно вклучени во криминалот, вистината може да се екстрахира преку соочување на фактите. Методот на прашање и одговор вклучува поставување на детални прашања за случајот, како и формирање на прашања во врска со одговорите. Друг метод е да му се овозможи на осомничениот да ја зборува неговата страна од приказната без прекин, околу пет пати. Испитувачот исто така може да побара да ја повтори неговата страна station наназад, почнувајќи од крајот, а завршувајќи на почетокот. Ако лицето лаже тој најверојатно, ќе треба да надоврзува лага врз лага, и како што кажува повеќе лаги, така полесно е да се разграничат фактите.

Следејќи ги новите современи методи и техники од развиените полициски служби во светот[562], во продолжение ќе бидат презентирани пет совети за успешно полициско испрашување од Стив Шримпф[563].

1. Емпатијата може да биде моќна алатка.

Добро би било да им се објасни на испитуваните лица дека веќе е завршена темелната истрага што довела до нив и дека испрашувачот сака да ја слушне нивната страна од приказната. Со ваков незаканувачки пристап може да се стекне поголем кредибилитет кај испитуваните лица.

2. Осомничените треба да се остават сами да се испрашуваат. Осомничените треба да се остават да кажат било што на почетокот, па дури и лажна изјава за нивната вмешаност во кривичното дело. Најдобро е да се фатат во лага, а потоа да се започне со нивно разоткривање.

3. Да се обрне поголемо внимание на сè. Може да се соберат многу невербални и вербални индиции со негово набљудување.

4. Не треба да постои страв да се понуди алтернативно "face saving" сценарио. Треба да се има и да се биде сигурен дека сценариото сè уште содржи елементи на признание за кривичното дело за кое се води истрага и не создава прашања на афирмативна одбрана.

5. Да се спроведат претходни истражувања за осомничениот. Треба да се дознае што е важно за нив (деца, жена, работа, страв од затвор, итн) и таквите факти да се искористат како предност.

Испитувањето доста често може да доживее неуспех и да пропадне од повеќе причини[564]. Некои причини се предвидливи, некои не се. Меѓутоа, испитувачите може да го зголемат нивниот успех преку

[562] Ury, A.. (2009) Modern police interrogation techniques use subtle psychological manipulation, 08.06.2009, http://news.everest.edu/post/2009/06/modern-police-interrogation-techniques/

[563] Schrimpf, S. (2009) Five tips for successful criminal interrogation, 15.09.2009, http://www.policeone.com/police-products/investigation/tips/1880168-Five-tips-for-successful-criminal-interrogation/

елиминирање или минимизирање на препознатливите причини за неуспехот. Откако ќе ги идентификуваат овие фактори, тие може да сметаат и да дејствуваат врз нив за да се зголеми веројатноста за успех на испитувањето. Овие главни компоненти вклучуваат подготовка за испрашување, правење разлика помеѓу испрашувањата и интервјуата, развивање на убедливи теми и аргументи, градење на добри односи со субјектот на испрашување, дозволување доволно време за испрашување, стекнување на соодветна обука за испрашување, како и разбирање дека некои испитувања нема да успеат без оглед на напорите кои се вложени. Иако не сите инклузивно, сепак овие фактори се покажуваат од витално значење за успешни испрашувања.

Во едно истражување за полициското испитување[565] се укажува на етичките аспекти кои се јавуваат при реализација на оваа активност. Па така, иако некои автори (теоретичари и практичари) на прирачници за полициско испитување препорачуваат употреба на закани и/или други форми на принудно влијание, повеќето не се залагаат за лажење на осомничените, но сепак, сите прирачници опишуваат прашални техники базирани на манипулација и измама. Многумина почнуваат да ги признаваат опасните последици од користење на таквите техники, како што се кршење на основните човекови права на осомничениот, стекнување на лажни признанија, а во екстремни случаи, употребата на насилни закани или дејствија од страна на полициски службеници.

## 3. СОВРЕМЕНИ ТЕХНИКИ НА ПОЛИЦИСКО ИСПИТУВАЊЕ

Во однос на тактиката која може да ја применува криминалистот при полициското испитување, во понатамошното излагање ќе ја разработиме Reid техниката на тактичко испитување со психолошка манипулација на осомничен, како еден нов видик кој го нуди западната современа литература и најпопуларниот систем за испитување кој нашироко се применува во САД. Оваа техника подробно е објаснета во книгата на John E. Reid и неговите колеги[566]. Reid техниката е метод на испитување на субјекти и проценка на нивниот кредибилитет. Оваа техника се состои од не-акузаторно интервју комбинирано со истражни и однесувачко-провокативни прашања. Ако истражните информации укажуваат дека лицето го сторило кривичното дело за кое се врши испитувањето, деветте чекори на Reid за испрашување се користат за да го убедат лицето да ја каже вистината за тоа што го направило. Техниката Рид се состои од три различни компоненти - фактичката анализа, интервјуирање и испрашување. Иако сите овие се одделни и различни постапки, тие се меѓусебно поврзани во смисла дека секоја е наменета да служи за да им помогне во елиминирањето на невини осомничени за време на истрагата, со тоа што пресумптивно им се дозволува на испитувачите да се фокусираат врз лицето за кое испитувачот чувствува дека најверојатно е виновно. Поддржувачите на оваа техника тврдат дека е корисна во извлекување на информации кога испитаниците поинаку не сакаат да ги дадат, додека критичарите ја обвинуваат техниката дека може да извлече лажни признанија од невини лица, особено од децата. Оваа техника содржи вкупно 9 специфично издиференцирани фази.

- Директно, позитивно соочување

Криминалистот во првата фаза на оваа тактика на водење разговор, ги презентира фактите за случајот, односно, му ги покажува доказите кои одат против него. Овие докази можат да бидат вистински или измислени. Криминалистот со голема самодоверба го обвинува осомничениот дека е инволвиран во кривичното дело. Нивото на стрес на осомничениот започнува да се зголемува, испрашувачот може да започне да се движи низ собата, намалувајќи му го личниот простор на осомничениот со што ќе го зголеми чувството на непријатност кај него. Ако осомничениот започне да си ги оближува усните, да поминува со раката преку косата или пак, неговото чело да се ороси, криминалистот ќе ги земе во предвид овие индикации и ќе знае дека е на вистински пат.

- Развиток на темата

Во оваа фаза криминалистот креира верзија за тоа, зошто осомничениот го извршил делото. Развитокот на верзијата се врти околу тоа, да му се погледне низ очите на осомничениот, со цел да сфати, каков изговор може да го натера да признае дека го сторил тоа и зошто го сторил. Криминалистот поставува теми, верзии, во кои осомничениот може да се пронајде или да ги одбие, го кажува неговиот удел во

[564] Vessel, D. (1998) Conducting Successful Interrogations, FBI Law Enforcement Bulletin
[565] Kossowska, M, Grochowska, K. (2012) Fact sheet: Police interrogations, A European Association of Psychology and Law – Student Society Publication, p. 2
[566] Inbau, F., Reid, J., Buckley, J., Jayne, B. (2005) Essentials of the Reid Technique: Criminal Interrogation and Confessions, 1st ed. Subury: Jones and Bartlett Publishers, Inc.

кривичното дело и тогаш го набљудува осомничениот со цел да види дали му се допаѓа приказната. Развивањето на една тема претставува целата основа и суштина на испрашувањето. Кога криминалистот изнесува некоја верзија, неговиот глас мора да биде мек, смирен, сѐ со цел да изгледа незаканувачки и да го наведе осомничениот кон лажно чувство на безбедност.

- Прекин на отфрлувањата

Ако му се дозволи на осомничениот да ја отфрла неговата вина, ќе дојде до зголемување на неговата самоодоверба, токму поради тоа, криминалистот се обидува да ги прекине сите отфрлувања на осомничениот. Уште на почетокот на разговорот, криминалистот го следи осомничениот цело време и се обидува да ги прекине отфрлувањата уште пред да бидат изговорени. Со намера да се држи самодовербата на осомничениот многу ниско, прекинот на отфрлувањата оди кон замолчување на осомничениот и тој да нема шанса да побара адвокат. Ако нема отфрлувања во текот на изнесувањето на верзијата, тоа е добар индикатор дека осомничениот е виновен. Ако бројот на отфрлувањата значително се намали или пак, целосно запре, криминалистот ќе знае дека изложува добра верзија и дека осомничениот е близу до признание.

- Преземање на приговор

Кога криминалистот целосно ќе развие една верзија со која осомничениот се поврзува, тогаш осомничениот е можно да започне да нуди логични приговори како негација на прости отфрлувања. Криминалистот се справува со овие приговори многу поразлично отколку со отфрлувањата, затоа што овие приговори можат да му дадат информација која што ќе ја употреби против осомничениот. Ако криминалистот си ја сработи добро работата, приговорот ќе заврши со признание на вина.

- Свртување на вниманието

Веќе во оваа фаза, осомничениот во најголем процент од случаите е исфрустриран и несигурен во самиот себе. Можно е да побара од некого да му помогне за да избега од ситуацијата. Криминалистот ќе се обиде да се потпре кон оваа несигурност на осомничениот, со тоа што ќе се преправа дека е на негова страна, можно е и да му се приближи физички, за да му направи што потешко на осомничениот да се изолира од ситуацијата. Криминалистот може да манифестира физички движења за сочувство и разбирање.

- Справување со пасивното расположение на осомничениот

Ако говорот на телото на осомничениот индицира на предавање, криминалистот ја гледа можноста да го наведе осомничениот на признание. Ќе започне да транзиционира од верзијата што ја имаше претходно развиено, кон можните мотиви коишто го натерале осомничениот да го изврши кривичното дело, притоа, оставајќи му простор тој сам да си одбере еден од понудените мотиви. Во оваа фаза, криминалистот се обидува да оствари во што поголема мера контакт со очите на осомничениот, сѐ со цел да му го зголеми нивото на стрес и желба за излез, односно, бегство од конкретната ситуација.

- Презентирање на алтернативно прашање

Криминалистот во оваа фаза, му понудува сосема различни мотиви за некој аспект од стореното кривично дело, понекогаш започнувајќи и од некој сосема незначаен аспект, сѐ со цел да биде што понезаканувачки. Едната од алтернативите е општествено поприфатлива (Го изврши делото од страст, нагонски?), а другата е сосема морално неприфатлива (Го стори тоа поради парите, нели!?), криминалистот се обидува да изгради контраст помеѓу овие две алтернативи, сѐ додека осомничениот не даде индикатор дека избира една.

- Започнување на конверзација

Кога осомничениот ќе избере една алтернатива, признанието започнува. Криминалистот му дава морална поддршка на осомничениот да зборува за кривичното дело. Тогаш може да се внесе уште еден криминалист во просторијата, бидејќи со тоа ќе му се покачи нивото на стрес на осомничениот и ќе сака да потпише изјава што побрзо и да избега од таму.

- Елементи на усно или писмено признание

Признанието всушност, е делот кога осомничениот го признава кривичното дело што го сторил и негово документирање (аудио, видео или писмено).

Во однос на негативните аргументи и отфрлања на оваа техника од страна на некои критичари John E. Reid и неговите соработници остануваат на ставот дека „тоа не е техника која предизвикува лажни или принудни признанија, туку дека тоа го прават полициските испитувачи и детективи кои применуваат несоодветни процедури на испрашување“.

**4. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА**

Врз основа на сето претходно изнесено за полициското испитување, а посебно за Reid техниката на полициско испитување, наместо заклучок, ќе изнесеме неколку наши лични препораки, предлози и сугестии за поуспешно водење на полициските испитувања и доаѓање до нивната главна цел: извлекување на вистината од испитуваните лица и нивно признание. Сумирано и генерализирано, без разлика која техника да ја користиме, каква категорија на лице да испитуваме и во која фаза од постапката, можеме да кажеме дека особено се значајни следниве аспекти:

1. Неопходна претходна темелна подготовка за испитувањето. Испитувачот мора претходно да биде запознат со сите аспекти на истражуваниот случај, сите релеванти факти и околности кои се познати, како и сите докази и траги пронајдени на местото на кривичниот настан. Потоа треба да спроведе истражување за животот на испитуваното лице – целокупната негова биографија, лични карактеристики, семејни прилики, работа, претходна осудуваност, санкции кои биле изречени против него, емоционална состојба, секојдневни навики и сл.

2. Избор на метод и пристап за испитувањето. Врз основа на подготовката и карактеристиките на субјектот на испитување, испитувачот треба да избере најсоодветна техника и пристап со која смета дека најлесно и најбрзо би дошол до посакуваната цел. Притоа, особено треба да се води сметка за етичкиот карактер на испитувачкиот метод, а тоа значи да не се навлезе во основните права на испитуваното лице. Во спротивно, целата работа би била залудна и не би се дошло до признание и до објективна вистина.

3. Набљудување на човечките реакции. Испитувачот мора добро да го познава т.н. јазик на телото (body language) и психолошките реакции кај осомничените кога лажат, мамат и се обидуваат да се извлечат од ситуациите кои се неповолни за нив. Секој дел од човековото тело, а особено лицето и фацијалната експресија на емоциите може да дадат добри индикации за тоа дали испитуваниот ја кажува вистината или не.

4. Задолжителна проверка на признанието. Откако со испитувањето ќе се дојде до крајната цел – признание од испитуваното лице, испитувачот и неговиот тим кој е вклучен во истражувањето на кривичното дело, задолжително мора да го проверат признанието на осомничениот и фактите и околностите кои ги изнел во него. Тоа подразбира преземање на други криминалистичко-оперативни зафати, активности и дејствија во насока на проверка на вистината до која се дошло со испитувањето.

**БИБЛИОГРАФИЈА**

[1] Inbau, F., Reid, J., Buckley, J., Jayne, B. (2005) Essentials of the Reid Technique: Criminal Interrogation and Confessions, 1st ed. Subury: Jones and Bartlett Publishers, Inc.
[2] Kossowska, M, Grochowska, K. (2012) Fact sheet: Police interrogations, A European Association of Psychology and Law – Student Society Publication
[3] Котески, М. (2009) Криминалистичка тактика 2. Скопје: Факултет за безбедност
[4] Kurz, D. Dominance and Submission: How the Police Use Psychological Manipulation to Interrogate Citizens, http://web.mit.edu/dryfoo/www/Info/confess.html
[5] Ladkin, A. (2013) Criminal Law: What is Criminal Interrogation, http://suite101.com/article/criminal-law-what-is-criminal-interrogation-a378735
[6] Layton, J. How Police Interrogation Works, http://people.howstuffworks.com/police-interrogation1.htm
[7] Марковиќ, В. (1988) Испитивање као метод у прикупљању података о безбедносним појава, 13, Мај, 4/1988
[8] Schrimpf, S. (2009) Five tips for successful criminal interrogation, 15.09.2009, http://www.policeone.com/police-products/investigation/tips/1880168-Five-tips-for-successful-criminal-interrogation/
[9] Ury, A.. (2009) Modern police interrogation techniques use subtle psychological manipulation, 08.06.2009, http://news.everest.edu/post/2009/06/modern-police-interrogation-techniques/
[10] Vessel, D. (1998) Conducting Successful Interrogations, FBI Law Enforcement Bulletin